## 3.3. Надворешен долг[14]

*Надворешниот долг зголемен за 41,6 милиони САД долари...*

Надворешниот долг на Република Македонија по долгорочни кредити забележа зголемување на месечна основа за 41,6 милиони САД долари и на 30.09.2003 година изнесуваше 1.640,3 милиони САД долари. Зголемувањето на надворешниот долг се должи на остварените позитивни курсни разлики[15] од 39,0 милиони САД долари како резултат на депресијацијата на американскиот долар во однос на еврото.

Во текот на септември повлекувањата по веќе одобрени долгорочни кредити изнесуваа 14,5 милиони САД долари. Најголем дел од користените средства (10,3 милиони САД долари) потекнуваат од приватни кредитори, и тоа од банки и финансиски институции (8,0 милиони САД долари) и од претпријатија (2,3 милиони САД долари). Од официјалните кредитори беа повлечени 4,2 милиони САД долари, и тоа од билатералните кредитори средства во износ од 3,4 милиони САД долари и од мултилатералните кредитори 0,8 милиони САД долари.

*...при поголем износ на отплати кон странство во однос на повлечени средства*

Вкупните отплати кон странство по користени долгорочни кредити во септември 2003 година изнесуваа 19,5 милиони САД долари. Врз основа на главница беа отплатени 15,9 милиони САД долари, а врз основа на камата 3,6 милиони САД долари. Притоа, отплатите кон официјалните кредитори изнесуваа 11,1 милион САД долари, додека отплатите кон приватните кредитори изнесуваа 8,4 милиони САД долари.

Новосклучените кредити со странските кредитори во текот на септември 2003 година изнесуваа 10,6 милиони САД долари, при што 9,1 милион САД долари се кредити на приватни субјекти од ЕБРД, додека останатите 1,5 милиони САД долари потекнуваат од приватни кредитори.

Графикон 31
Користени кредити и отплатени обврски
(во милиони САД долари)




[14] Претходни податоци на НБРМ. Податоците се однесуваат на долгот на Република Македонија кон странство врз основа на користени долгорочни кредити.
[15] Позитивните курсни разлики делуваат во насока на зголемување на надворешниот долг.

Во првите три квартали од 2003 година, вкупниот износ на отплатите кон странските кредитори (167,9 милиони САД долари) го надмина износот на користени кредити (144,5 милиони САД долари). Притоа, на 30.09.2003 година беше регистрирано зголемување на надворешниот долг во однос на крајот на декември 2002 година за 8,1%, што главно се должи на курсните разлики.